Бр./Nr 12-1344/6
05-06-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 78-та седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1344/1 од 24.02.2023 година, оформен по доставена пријава за незаконски постапувања на службеното лице ----, директор на ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, по наводите од пријавата постапил друг надлежен орган, дел од наводите не се потврдуваат, а за дел се дадени препораки и укажувања за надминување на состојбите и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1344/1 од 24.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 24.02.2023 година, поднесена е пријава за службеното лице ----, директор на ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во ---, и оформен е предмет број 12-1344/1 од 24.02.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски избор на директор, сомнежи за злоупотреба на функцијата директор, за несовесно работење и искористување на службената положба и овластувања од страна на посочениот директор при распоредување и доделување овластувања на вработените во болницата. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во --- за прибирање документација и информации. Истовремено, од својата интерна документација ДКСК утврди дека по пријава број 12-9675 од 21.12.2022 година со исти наводи оформен е друг предмет по кој е побарано надлежно постапување од Министерството за здравство со цел вршење надзор над законитоста на работењето на посоченото лице во конкретната ЈЗУ. Од Министерството за здравство добиен е извештај дека е формирана Комисија за вршење

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

надзор над законитоста на работата на ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во --- и приложен записник од извршениот надзор во кој е наведено дека Комисијата за дел од наводите не утврдила неправилности, а за дел дадени се препораки за надминување на состојбите.

Имајќи го во предвид горе наведеното, како и увидот во документацијата обезбедена од ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност во Прилеп, ДКСК констатира дека во однос на предметните наводи постапиле други надлежни органи поради што нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk